
ПЕЛИСТЕР

ОПШТИНА БИТОЛА

# ПЕЛИСТЕР

ГИГАРТ Битола



Во близина на нашиот град, сместен во пазувите на Баба Планина, се наоѓа Националниот парк „Пелистер“ кој изобилува со многу природни убавини. Името го добил по врвот Пелистер.


Во летните жешки
денови над вас гордо
се извишила моликата,
правејќи сенка за да го
продолжите патот кон
врвот.



Кога ќе започнете да ја искачувате Баба Планина попатно друштво ќе ви прават пеперугите за кои Пелистер е нивниот единствен дом, а скриена позади некое дрво може да ја видите дивата мачка – пелистерски рис.


Направете пауза на Голема
или Мала Ливада и разладете
се на големиот број чешми и
извори. Интересна е Дрвена
чешма каде водата истекува
од едно старо дрво.



По обележаните патеки продолжете го патот
до Јоргов камен, Црвени Стени, Копанки,
Стив, Илинден, Палиснопје, Антена,
Ловечка, Орлови Бари...



Кога има снег не ги заборавајте скиите или санката. Одете со жичарницата до Копанки, а потоа „фииууу“, надолу со скијање или санкање по патеката.



На врвот те чекаат Големото и Мало Езеро, наречени „Пелистерски Очи“. За тоа како настанале легендата вели: Две сестри се вљубиле во истото момче. Налутената мајка ги проколнала никогаш да не се видат и ги протерала во планината, каде што останале секогаш една до друга. Од нивните солзи се создале двете прекрасни езера – Малото и Големото Езеро.

СТАРИ ЛЕГЕНДИ ЗА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

1. Пелистер
2. Кратка историја
3. Европска Битола
4. Кино, театар, забава

www.gigart.mk

'22 БИТ ФЕСТ

КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

ГИГАРТ Битола